# ОСВРТИ

Христо АНДОНОВ—ПОЛЈАНСКИ

## МЕМОАРИТЕ И НИВНАТА ИСТОРИСКА ВРЕДНОСТ

МЕМОАРИТЕ и мемоарските материјали како спомени за историските настани претставуват вид на основни историски извори и со тоа имаат историска и историографска вредност.

Во историографијата сè повеќе преовладува мислење дека мемоарите со својот историско-документарен карактер се значајни историски извори и се користат, во случај кога не постојат никакви други извори, за разработка и за разјаснување на историските настани. Освен тоа, тие се користат и како делумно дополнение на документацијата, како споредeн извор, како материјал што придонесува за поцелостен опфат на третираниот проблем.

Мемоарските извори ги делиме на два основни вида:

— мемоарска литература;

— и мемоарска граѓа;

Во мемоарската литература се вклучуваат различни видови и тоа пред сè објавени трудови; дневници — како видови на спомени, во кое се бележат изминатите настани; потоа, автобиографиите — како вид на спомени, во кое се бележат сеќавањата од сопствениот живот; и, мемоарите, како посебен вид на лични спомени, сеќавања на очевидците за историските настани и за другите појави во развојот на човештвото.

Мемоарската граѓа исто така претставува типичен и основен извор и главно ги вклучува собраните пишувани и снимени сеќавања на поединци или на групи за историјата на изминатите настани. По својот карактер и особеностите тие се состојат од различни видови, во зависност од нивното регистрирање.

Всушност, мемоарските извори имаат своја долга и далечна историја. Содржајните и значајните почетоци на мемоаристиката ги наоѓаме во самиот почеток на епохата од создавањето на историската наука, на историографијата. Таа започнала да се создава во древноста. Највидните почетоци и манифестации

на мемоаристиката ги наоѓаме кај Ксенофон (430—355 година пред нашата ера) во неговиот труд „Анабаза", кој има типичен мемоарски карактер. Со ова дело се поставени основите на мемоарот како посебен и специфичен историски извор. Забележителен мемоарски карактер имаат и знаменитите „Записки на Галската војна" („De bello gallico", и „De bello civili") на Јулиј Цезар (101—44 година пред нашата ера).

Овој почетен развој на мемоаристиката во натамошниот од на човештвото сè повеќе се усовршува и се развива како значаен и основен историски и историографски материјал.

Во средниот век се практикувало пишување на мемоари, на сеќавања и тоа предимно од претставниците на господарската феудална класа. Во епохата на хуманизмот и на ренесансата започнале во мемоарите да се внесуваат нови теми и содржини, поврзани со великанскиот процут на таа епоха, со зголемениот интерес кон светот, кон појавите во него, кон улогата и дејноста на човековата личност. Всушност, сега веќе на помодерен начин се развива мемоаристиката како специфичен историски извор. Овој содржаен концепт во развојот на мемоаристиката добива нови образложени содржини во натамошните движечки процеси, посебно оние, што настанале со буржоаските револуции во Холандија, Англија и Франција, во текот на XVII и XVIII век. Особено значаен потход бил направен со француската буржоаска револуција, кога преку мемоарите и другите видови на сеќавањата, започнува да се дава и да се изложува преценка на изминатите настани и појави, но, веќе со одредени класни позиции. Се разбира, дека текот на оваа револуција, а потоа Наполеновите војни и другите клучни економски, политички, воени и просветно-културни настани, имале значајно влијание и својствен одраз врз развојот на мемоаристиката. Непомалку влијание извршиле останатите развојни линии, одразени во социјално-економските промени, во развитокот на национално-ослободителното и револуционерното движење, на меѓунардното работничко движење, чијшто инспиративен поттик му дадоа основачите на научниот социјализам Карл Маркс и Фридрих Енгелс. Нивното епохално учење наиде на своја историска потврда преку револуциите од 1848/1849 година, потоа во знаменитата Париска комуна за да достигне врв во Октомвриската социјалистичка револуција. Сите тие епохални настани се одразиле и имале свој удел во развојот на мемоаристиката, особено во развојот на мемоарите, како основни извори. Сега веќе се создаде можност да се прави преценка на мемоарите, како и на другите видови од мемоарски карактер, од материјалистичка гледна точка. Нов израз мемоарите наоѓаат во Октомвриската револуција, кога започнува поизразито да се толкува улогата на широките народни маси и на пролетаријатот во револуционерната преобразба на општеството.

Овој специфичен белег во развојот на мемористиката е забележлив и во историскиот развој на југословенските народи и народности. Кај секој народ поодделно се развила мемоаристиката и таа има значење за следење и проучување на историското минато. Така, проучувањето на македонското национално-ослободително движење во сите негови етапи, почнувајќи од Преродбата, од ослободителните движења на шеесеттите и седумдесеттите години, потоа на македонското Кресненско востание, и на предорганизациониот и организациониот период (1893—1912), не е можно без консултирање и разработка на големиот фонд на мемоарска литература и на мемоарски материјали. Но, се уште не сме направиле поголеми напори за поцелосно и систематско средување, критичко преценување и историографско вообликување на овој така ценет документарен и изворен корпус.

Мемоарските извори имаат големо значење и важност во проучувањето на југословенското работничко и комунистичко движење, на историските етапи во развојот на Комунистичката партија, на теоретската и револуционерната дејност на нејзиниот првенец — Јосип Броз Тито и на нејзините останати корифеии најпосле, и на Народната и социјалистичката револуција, на социјалистичко-самоуправната преобразба. Сето тоа претставува придонес кон современата наша историја, тоа е автентично сведоштво за исполинскиот чин на слободата.

МЕМОАРИТЕ и мемоарските материјали, се, според тоа, едни од основните документи на својата епоха во која се создадени. Тие се карактеристични за своето време, живи сведоштва на изминатите историски настани. Во нив се стремиме да го најдеме вистинскиот факт, зашто, според зборовите на Волтер: „Историскиот факт мора да биде веродостоен факт." За Владимир Илич Ленин тој е несомнено значаен, фундамент за проблемот, во сета негова целост.

Меѓутоа, посебно за некои мемори е карактеристично тоа што во нив е преувеличана улогата на главната личност, потоа што тие се пишувани за разни цели и потреби. Тие носат во себе карактер на самофалбство или апологетика. Од друга страна, во некои од нив свесно или несвесно се премолчувале некои важни факти, кое не одговарале за разбирањето на составувачот. Исто така, забележетелна е нотата дека повеќето од нив се пишувани откако настаните се случиле. Превосходен е и белегот, што тие имаат својствена карактеристична црта. Тоа е субјективноста. Тоа е условено и поврзано со социјалните, идеолошките и политичките позиции на составувачот.

Особеностите на мемоарите и на мемоарските материјали можеме да ги утврдиме преку смислено испитување улогата на нивниот составувач во настаните, предимно дали се работи за активно или пасивно учество, односно за примарен или секун-

дарен удел. Од важност е и временската дистанца, која го дели составувачот од изминатите настани. Оттука, може да се утврди начинот на соопштувањето на веродостојните појави и настани, објективниот и субјективниот третман и другите карактеристични белези и моменти. Со тоа се определува суштествената разлика во непосредно доживеаниот настан, или разликата во изминатото време. Во склопот на дистанцата стои и прашањето, до колку составувачот е повлијаен од новите појави и разбирања и при тоа: какво толкување и каков белег му дава на настанот? Важното прашање е поврзано и со проблемот за одбирањето на фактуалниот материјал, потоа, начинот на пишувањето, богатството на јазикот, на литерарниот пластичен израз, и на другите особености.

Со оглед на тоа, дека мемоарите и мемоарските материјали спаѓаат во историографските видови на извори за нив спроведуваме таканаречена историска критика на изворите, што претставува содржајна карактеристика во научно-истражувачката работа, во научниот историски метод. Иако е тоа тешка работа, се настојува да се докаже веродостојноста, вистинитоста на раскаженото, преку споредбено испитување со другите извори. Тука се надоврзуваат и испитувањата на веродостојноста и на другите особености на мемоарите и на мемоарските материјали, кои имаат свои специфични белези.

Посебен проблем претставува користењето на мемоарите и на мемоарските материјали, при што, можно е да се утврди нивната конкретна историска и историографска вредност. И ова прашање е поврзано со методологијата на научната работа. Од значење е начинот за највнимателно утврдување историската вредност на овие извори во разработката на научниот проблем од поставената тема.

МЕМОАРИТЕ и мемоарските материјали имаат забележителна историска и историографска вредност. Тие претставуваат своевидни, значајни извори, зашто содржат важни податоци, ценет материјал за определениот историски настан. Тие можат да послужат како вредносни податоци за разработката на историските појави и за движечките настани. Преку нив е можно да се помогне во разјаснување и во разработка условите и основите на еден карактеристичен историски настан, на цела една епоха. Повеќе историски настани и личности преку овие извори можат да добијат свој автентичен лик и улога во историското подалечно и поблиско минато. Со тоа, мемоарите и мемоарските материјали одиграле голема улога во развојот на историската наука, на историографијата и на архивистиката. И денес, мемоарите и мемоарските материјали претставуваат предмет во научно-испитувачката работа и предизвикуваат внимание во проучувањето на разностраните аспекти од историјата на човештвото.

ЗАБЕЛЕШКА: Во обработката на овој прилог ги користевме следниве прирачници: И. Я. Биск, Мемуары. — Советская историческая энциклопедия. Т. 9. Москва 1966, 343—347; М. Босиќ, Среѓивање, обрада и публикување мемоарске граѓе. — Архивски преглед (Београд) 1—2 (1968), 49—63; B. Graffenauer, Struktura in tehnika zgodovinske vede. Ljubljana 1960; M. Gross, Historjjska znanost. Zagreb 1976; Б. Лекиќ, Неке особености документарне и мемоарске граѓе. — Архивист (Београд) 1—4 (1966—67), 15—19; A. Mitrović, Istoriografija kao nauka. Treći program, Radio Beograd 1970, 249—257; М. Михајлов, Прилог кон методите и техниката на прибирањето на мемоарски материјал. — Историја VI/2 (1970), 270—287; С. Миладиновски Архивистички прием, обработка, чување и публикување на мемоарските материјали како историски извори. Историја IX/2 (1975), 159—176; Истиот, Прилог кон стручната библиографија за мемоаристика. — Историја IX/2 (1975), 253—261.